

# ПРИРАЧНИК
# ПРВ ПАТ ВО СУД
# НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ
## - граѓанска постапка -

CIVICA MOBILITAS

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
KOALICIONI
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
KOALICIJA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

Издавач: Коалиција Сите за правично судење

Автори: Елена Наковска, Небојша Милосављевиќ, Анамарија Спасевска

Дизајн: Емилија Спасовска

Достапно единствено како електронско издание

Овој прирачник е наменет за граѓаните коишто немаат информации и насоки како треба да се однесуваат во суд доколку бидат повикани. Исто така овој прирачник ќе им даде насоки и препораки на граѓаните кои немаат доволно познавање од областа на правото, а имаат потреба од пристап до правда за заштита на нивните права во судска постапка.
Во рамки на овој прирачник накратко се дадени потребните информации за влегување во суд, а исто така е објаснет и текот на граѓанската постапка во судовите на Република Северна Македонија.
Целта на прирачникот е истиот да им користи на граѓаните како алатка за полесна ориентација доколку се најдат во одредено својство во судска постапка, да се разјаснат одредени прашања и фази во постапките и нивниот тек, како и да ги насочи граѓаните при текот на судскиот процес.

Содржината е единствена одговорност на Коалиција „Сите за правично судење“, и на ниту еден начин не може да се смета  дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

# ПРИРАЧНИК
# ПРВ ПАТ ВО СУД
# НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ

НАПОМЕНА: содржината и упатствата објаснети во овој прирачник во ниеден случај не се правен совет врз основа на кој може да се поведе поединечна постапка и не ја заменуваат правната помош од стручно и овластено лице.

**Користени кратенки:**

**ЗПП** – Закон за парнична постапка
**ЕСЧП** – Европски суд за човекови права
**ЕКЧП** – Европска конвенција за човекови права

# СОДРЖИНА

**Што е граѓанска постапка?**......5
За што може да одлучува граѓанскиот суд?......7
Странки во парнична постапка......7
Што е важно да знаете доколку се јавувате во својство на тужител?......11
Видови на тужби......11
Што треба да содржи секоја тужба?......11
Што е важно да знаете доколку се јавувате во својство на тужен?......15
Што треба да содржи секој одговор на тужба?......16
Тек на постапката......17
Повлекување на тужба......18
Што е подготвително рочиште?......18
Како тече главната расправа?......20
Сослушување на странки......21
Завршни зборови......21
Објава на пресуда......21
Што понатаму?......22

**Второстепена постапка**......23
Жалба......23
Вонредни правни лекови......23
Ревизија и предлог за повторување на постапката......25

Трошоци во граѓанска постапка......27

**ПРАВНА ТЕРМИНОЛОГИЈА**......28

# ШТО Е ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА?



Граѓанската постапка, е една од најстарите правни облици на заштита на личните права и е со закон регулирано постапување на судот, странките и другите учесници во една постапка каде што постои повреда или загрозеност на граѓански субјективни права. Истата претставува посебен начин на давање правна заштита на граѓанските субјективни права, доколку се утврди дека заштитата е оправдана. Во зависност од тоа во која граѓанска постапка се дава правна заштита, граѓанскоправната работа што е предмет на судење може да се јави во форма на парнична, вонпарнична и извршна постапка.

Во **ПАРНИЧНИТЕ ПОСТАПКИ** граѓанските судови расправаат и одлучуваат за основни права и обврски на граѓанинот во спорови од лични и семејни односи, од работни и од трговски односи, како и од имотни и други граѓанско правни односи. Парничната постапка се поведува со тужба, а странките во постапката се јавуваат во својство на тужител, тужен и трети лица. Основниот закон по кои се водат судот и странките во оваа постапка е Законот за парнична постапка.

Во **ВОНПАРНИЧНИТЕ ПОСТАПКИ** граѓанските судови постапуваат и одлучуваат за личните, семејните, имотните и други правни односи кога е тоа определено со закон (како што се на пример одземањето и враќањето на на деловна способност, расправање на оставина, прогласување на исчезнато лице за умрено и докажување смрт, давање дозвола за склучување брак, одземање и продолжување на родителски права, назначувања на старатели итн.) За разлика од парничната постапка која се поведува со тужба, вонпарничната постапка се поведува по предлог од овластено лице или орган, а како учесници во оваа постапка се: предлагачот - односно лице или орган по чиј предлог е поведена постапката и противник на предлагачот - лицето спрема кое правото или правниот интерес на предлагачот се остварува. Основниот закон по кои се водат судот и странките во оваа постапка е Законот за вонпарнична постапка.

**ИЗВРШНАТА ПОСТАПКА** како посебен вид на постапка за заштита на граѓанските права е постапка која се одвива надвор од граѓанските судови и нејзини спроведувачи се извршителите кои се именувани од Министерството за правда и вршат јавни овластувања утврдени со Законот за извршување. Тие се именувани посебно за подрачјето на основните судови. Со извршната постапка се спроведува извршување на таканаречени извршни исправи кои се во форма на судски одлуки (пресуди, решенија, судско порамнување), извршната одлука и порамнување во управна постапка доколку гласи на исполнување на парично побарување или обврска, извршна нотарска исправа или било какви други документи на орган чие седиште е на подрачјето за коешто е именуван, а при спроведување на извршувањето презема дејствија на целата територија на Република Северна Македонија. Странки во извршната постапка се јавуваат во својство на доверител и должник, а при спроведувањето на извршувањето освен Законот за извршување сообразно се земаат во предвид и одредбите на Законот за парнична постапка.

# ЗА ШТО МОЖЕ ДА ОДЛУЧУВА ГРАЃАНСКИОТ СУД?

Доколку поведете спор пред граѓански суд морате да знаете за кои видови на спорови и предмети е истиот надлежен да решава и одлучува.
Граѓанскиот суд одлучува во прв степен и тоа за предмети односно спорови од видот на:

- имотно прави односи помеѓу физички и правни лица;
- спорови за утврдување и оспорување на мајчинство и татковство;
- утврдување, поништување или развод на брак;
- законски издршка;
- чување и воспитување на деца;
- смеќавање на владение;
- доживотна издршка;
- надомест на штета;
- обезбедување на побарување;
- работни спорови; наследно – правни односи;
- вонпарнични и оставински постапки;
- трговски спорови;
- стечај и ликвидација;
- спорови за утврдување и обезбедување за присилно извршување.

# СТРАНКИ ВО ПОСТАПКА



Во граѓанските постапки кои се водат пред суд странка може да биде СЕКОЕ ФИЗИЧКО ИЛИ ПРАВНО ЛИЦЕ.

Странките во граѓанска постапка можат да се јават во својство на: ТУЖИТЕЛ И ТУЖЕН.

Граѓанската постапка дозволува и повеќе лица да можат со една тужба да се јават во својство на тужители или пак со една тужба да бидат повеќе лица тужени. Тоа својство се нарекува сопарничарство а учесниците во постапката сопарничари.

Законот за парнична постапка  утврдува во кои ситуации странките може да се јават во својство на сопарничари, а тоа е кога:

• доколку во поглед на предметот на спорот сте во правна заедница (на пример заедничка соптственост; сосопственост; ортаклак и сл.), или ако вашите права односно обврски произлегуваат од ист фактички и правен основ;

**На пример кога се бара надомест на штета од тужени кои заеднички ја сториле штетата или кога близнаци заеднички поднесуваат тужба за утврдување на татковство итн.**

• доколку предмет на спорот се барања односно обврски од ист вид што се засноваат врз суштествено истовиден фактички и правен основ иако постои стварна и месна надлежност на истиот суд за секое барање и за секој тужен;

**На пример: кога повеќе работници го тужат својот работодавач за исплата на плата; родител ги тужи своите деца заради давање на издршка; различни градежни изведувачи тужат нарачател на определен објект поради исплата на надоместок за извршените работи и сл.**

• или во други случаеви за кои што е определено со некој друг закон.

**Секој сопарничар може да делува самостојно во постапката како странка и неговите дејствија или пропуштања не им користат ниту штетат на другите сопарничари - тужители или тужени.**

**Од самиот тужител зависи дали ќе поднесе една тужба против повеќе лица, или своите барања спрема нив ќе ги остварува со поединечни тужби, иницирајќи посебни парнични постапки, додека пак тужениот не може со своите процесни дејствија да доведе до засновање на сопарничарство.**

Освен сопарничарството во граѓанската постапка е дозволено и учество на трети лица во една парница. Во некои случаи оваа трета страна има правен интерес да биде вклучено во постапката поради различни причини.

Со цел да се задоволи и базичното начело во процесната постапка  дека „на лицето за чии права се одлучува во постапката треба да му се овозможи да учествува во неа заради заштита на својата правна положба", ЗПП дозволува учество на трети лица во туѓа парница и тоа во форма на: вмешување, известување трето лице за парница и именување на претходник.



**ВМЕШУВАЧОТ** е трето лице различно од парничните странки и нивните застапници во постапката кое стапува во туѓа парница со цел да и се придружи на една од странките (тужителот или тужениот) од причина што истиот има некаков правен интерес таа странка да успее во парницата, па истиот презема одредени дејствија со кои и помага односно го контролира однесувањето на странката и исходот од постапката. Во ниеден случај не е доволна или дозволена причина за вмешувачот да се впушти во туѓа парница од неправен интерес односно од морални, емотивни, или економски причини. Вмешувачот може да стапи во парница во текот на целата постапка се до правосилноста на одлуката за тужбеното барање, како и роковите предвидени за поднесување на вонреден правен лек. Истиот стапува во парницата со изјава за стапување која може да ја даде на рочиште или со писмен поднесок до судот, истиот ја прима парницата во онаа состојба во која се наоѓала во моментот кога ќе се замеша и презема парнични дејствија во свое име и за свој интерес.

**Вмешувачот не е странка во парницата и неговите парнични дејствија може да се движат само во рамките на барањата истакнати од страна на странката на која се придружил. Тој не може со своите дејствија да влијае на текот на постапката - на пример да ја повлече тужбата, да го признае или да се одрече од тужбеното барање. Вмешувачот не може да презема дејствија во име и во интерес на странката на која и се придружил поради тоа што тој не е нејзин застапник.**

Тужителот и тужениот имаат законска можност да му го оспорат правото на вмешувачот да учествува во постапката и да предложат на судот да биде одбиен истиот, а судот исто така може без нивно изјаснување да го одбие вмешувањето доколку утврди дека не постои правен интерес за тоа. Против одлуката на судот за прифаќање на учество на замешувачот во постапката не е дозволена посебна жалба.

**На пример кога се бара надомест на штета од тужени кои заеднички ја сториле штетата или кога близнаци заеднички поднесуваат тужба за утврдување на татковство итн.**

**ИЗВЕСТУВАЊЕТО НА ТРЕТО ЛИЦЕ ЗА ПАРНИЦА** претставува дејствие со кое една од странките (тужителот или тужениот) му дава на знаење на трето лице дека во тек е парница со цел да се заснова и спрема третото лице одредено, извесно граѓанскоправно дејство. Станува збор за ситуации кога некоја од странките се наоѓа со третото лице во некаков материјално правен однос чија природа е таква што може да се доведе до интервенциско дејство на пресудата, па е потребно третото лице да се извести за истата парница што тече.



**На пример купувач на предмет кој се јавува во својство на тужен го известува третото лице - продавачот на предметот дека одреден тужител полага некое право врз предметот што третото лице му го продало на тужениот.**

Странките во постапката можат од започнувањето на парницата, па се додека истата не е правосилно завршена, со поднесок да го известат судот за своето барање трето лице да биде известено за парницата и во истото предлагачот мора да ја наведе и образложи причината на судот за известувањето, како и состојбата во која се наоѓа парницата.

**Странката која бара известување на трето лице за парницата не може поради истото да бара од судот прекин на започнатата постапка, продолжување на рокови или одлагање на рочиште.**



**ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТХОДНИК** е специфичен вид на известување на трето лице за парница. Тоа се појавува во случај кога едно лице кое е тужено поради тоа што е држател на некој одреден предмет или корисник на некое одредено право, тврди дека предметот кој го држи во негово владение или правото кое го врши е од име на трето лице. Тужениот во тој случај законски може преку судот да го повика тоа трето лице наречено претходник наместо него да стапи како странка (тужен) во парницата, поради тоа што смета дека третото лице треба да биде странка во постапката наместо него (тужениот).

**ПРИМЕР: Доколку сте под кирија, односно имате закупено стан и ви стигне известување дека е поднесена тужба против вас поврзана со имотот кој го имате закупено, ќе изјавите пред судот дека вие сте закупец и ќе побарате од судот да го достави известувањето до закуподавецот, да пристапи пред суд наместо вас како првобитно тужен.**

## ШТО Е ВАЖНО ДА ЗНАЕТЕ ДОКОЛКУ СЕ ЈАВУВАТЕ ВО СВОЈСТВО НА ТУЖИТЕЛ?



Тужител може да бидете кога во свое име или во име на некој друг, барате од судот да Ви даде правна заштита со цел да го заштитите правото за кое тврдите дека Ви е повредено, оспорено или пак да утврдувате право или однос за одредена правна работа. На товар на тужителот е да докаже се што тврди или сака да утврди со тужбата.

Како тужител спорот го започнувате со поднесување на тужба до надлежниот суд. Тужителот е тој кој одлучува дали ќе ја поведе постапката, кога ќе ја поведе и за што ќе ја поведе. Сите барања за кои сакате да одлучи судот треба да ги наведете во тужбата што ќе ја составите доколку сакате судот да одлучи во Ваша корист за конкретното тужбено барање.

## ВИДОВИ НА ТУЖБИ

Во зависност што се бара со тужбеното барање во теоријата се прави разлика помеѓу видовите на тужби, па така постојат: деклараторни, конститутивни и кондемнаторни тужби.

Со **ДЕКЛАРАТОРНИТЕ ТУЖБИ** се бара да се утврди постоење или непостоење определено право или правен однос, односно вистинитост или невистинитост на определена исправа (тужби за утврдување).

Со **КОНСТИТУТИВНИТЕ ТУЖБИ** се бара засновање, промена или престанок на некој правен однос (правнопреобразувачки тужби).

Со **КОНДЕМНАТОРНИТЕ ТУЖБИ** се бара осуда на тужениот на определено давање, чинење, нечинење или трпење.



## ШТО ТРЕБА ДА СОДРЖИ СЕКОЈА ТУЖБА ?

Кога составувате тужба најмногу треба да внимавате на тоа истата да е разбирлива и да го содржи сето она што е потребно по неа да се постапува. Во тужбата треба да имате наведено

ОПРЕДЕЛЕНО БАРАЊЕ односно да наведете кое право Ви е повредено или пак кое право сакате судот да го утврди, да ги наведете ФАКТИТЕ врз кои го засновате барањето, ДОКАЗИ со кои ќе ги поткрепите фактите кои ги изнесувате, како и сите други податоци и информации кои можете да ги прибавите, а се во Ваша корист. Многу е важно да одредите што точно сакате од судот. Тоа е главното прашање во судењето. ПО ПРАВИЛО ТОА ТРЕБА ДА Е ФОРМУЛИРАНО ОТКАКО ЌЕ ЈА ОБЈАСНИТЕ СИТУАЦИЈАТА ПОРАДИ КОЈА СТЕ ЈА ПОДНЕЛЕ ТУЖБАТА.

На пример: Кога составувате тужба во делот наречен петитум каде што му предлагате на судот во која насока да одлучи, во тужбата мора да наведете:

поради горенаведеното предлагам судот да ја донесе следната

Пресуда

Се утврдува дека спрема тужениот __________ (податоци за тужениот, како и во овој дел се опишува усвоеното тужбено барање или пак она што побарал тужениот да се утврди како право спрема спротивната странка)
Се задолжува тужениот да му ги надомести на тужителот, трошоците на постапката во вкупен износ од_______ денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Покрај овие податоци тужбата мора да ги содржи и следните работи:
- означување на судот до кој е адресирана тужбата;
- името и презимето, живеалиште или престојувалиште и ЕМБГ на тужителот поткрепени со докази за лична идентификација;
- основни информации за застапникот односно полномошникот доколку ве застапува како и
- основни информации за тужениот кон кого е упатена тужбата во зависност од тоа дали е физичко или правно лице.

*Кога се работи за правно лице морате да доставите доказ за идентификација на правното лице (тековна состојба).

Во тужбата ги наведувате и сите докази кои ги поседувате за да може судот да ги утврди фактите кои ги тврдите во неа. Доказите кои што можете да ги предложите се делат на материјални и вербални докази. Материјални докази претставуваат: договори, сметки, фактури, извод од матична книга на родените, имотен лист, односно сите документи кои ги поседувате за да ги поткрепите фактите кои Ви се наведени со тужбата. Вербални докази се сведоците кои ги предлагате да се сослушаат пред судот.

**На пример: доколку имате материјални докази кои би сакале да ги предложите во тужбата треба да наведате:**
**- предлагам докази: договор заведен под број ОДУ.бр. склучен на 05.05.2000 година кај нотар Никола Николовски од Скопје**
**Доколку пак предлагате да се сослуша сведок треба да наведете:**
**- се предлага сослушување на сведок Н.Н со адреса на живеење...(морате да наведете адреса на живеење за предложениот сведок, како судот би можел да му испрати покана за да дојде на рочиштето).**



На крајот од секоја тужба и секој поднесок освен горе наброените информации треба да има и потпис од тужителот или законскиот застапник или полномошник, печат и потпис од овластено лице на фирмата т.е. правното лице, односно печат и потпис на адвокатот што ве застапува.

При поднесување на тужбата мора да внимавате истата да биде изготвена во доволен број примероци, односно по еден примерок за судот и по еден примерок за секое лице кое е опфатено во тужбата. За секое поднесување на тужба до судот се плаќа такса за која постои рок на плаќање кој го определува судот, а истиот не е подолг од 15 дена. Висината на таксата секогаш е различна и зависи од видот и од вредноста на спорот.

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ВИСИНАТА НА СУДСКАТА ТАКСА

| ВРЕДНОСТ НА СПОРОТ ВО ДЕНАРИ | | |
|---|---|---|
| ПРЕКУ | ДО | ТАКСА ВО ДЕНАРИ |
| | 10.000 | 480 |
| 10.000 | 20.000 | 800 |
| 20.000 | 40.000 | 1.200 |
| 40.000 | 60.000 | 1.600 |
| 60.000 | 100.000 | 2.000 |

**Доколку не ја платите навремено таксата, судот ќе ја смета тужбата за повлечена. Во тој случај судот ќе донесе решение за повлекување на тужбата и ќе Ве задолжи да ја платите таксата.**
**Ако не сте во состојба да ја платите судската такса со самото поднесување на тужбата треба да доставите и предлог со кој барате од судот да Ве ослободи од плаќање на истата. При доставување на предлогот мора да приложите и доказ од вашата имотна состојба со која треба да му докажете на судот дека значително би се намалиле основните средства од кои се издржувате Вие односно вашето семејство. Судот врз основа на предлогот ќе донесе решение, и по истото не е дозволено жалба.**

Откако ќе ја доставите тужбата до судот и таа е примена и заведена од страна на судот, добивате број на вашиот предмет по кој ќе се водите понатаму во текот на целата постапка. На секој нареден поднесок кој ќе го доставувате до судот задолжително треба да се повикате на бројот на вашиот предмет.

Пример за повикување на референтен број во поднесок до суд:

До Основен суд Охрид (или надлежниот суд каде се води Вашиот предмет)

Врска со VII П1бр.01/00 (референтниот број на предметот кој е заведен)

ПОДНЕСОК
Од тужителот Н.Н. од Скопје (во продолжение се наведуваат податоци за странката која го доставува поднесокот или неговиот застапник)
(во продолжение внесете го текстот кој сакате да го испратите до судот)

## ШТО Е ВАЖНО ДА ЗНАЕТЕ ДОКОЛКУ СЕ ЈАВУВАТЕ ВО СВОЈСТВО НА ТУЖЕН?

ТУЖЕН може да биде секое лице за кое тужителот тврди во тужбата дека го повредил, оспорил или спрема кого сака да го утврди правото или односот кој е повреден. Исто како и на тужителот, на Ваш товар како тужен е да докажете зошто судот треба да одлучи во ваша корист. Како тужен во граѓанска постапка имате право да поднесете ОДГОВОР НА ТУЖБА.





Тужениот мора да даде писмен одговор на тужба во рок кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 30 дена од денот на прием на тужбата.

Морате да внимавате на овој рок затоа што доколку не доставите одговор на тужба постои законска можност судот да донесе пресуда со која ќе го усвои тужбеното барање на тужителот без одржување на главна расправа врз основ на тоа што не сте доставиле.

# ШТО ТРЕБА ДА СОДРЖИ СЕКОЈ ОДГОВОР НА ТУЖБА ?



При составување на одговорот на тужба треба јасно да ги наведете сите факти односно да предложите и наведете докази со кои ќе се изјасните против барањата и наводите на тужителот кои се истакнати во тужбеното барање. Со одговорот на тужбата можете и да го признаете тужбеното барање, доколку сметате дека тужбата на тужителот е основана и не се противите на истата.

Исто како и во тужбата, одговорот на тужба треба да содржи основни информации, треба да наведете на која тужба се повикувате, да адресирате до кој суд ја испраќате, како и да наведете основни информации за Вас како тужен и основните информации за тужителот кои се наведени во самата тужба, како и информации за застапникот односно полномошникот доколку сте го ангажирале да Ве застапува. Доколку имате ангажирано адвокат или полномошник, тогаш тој во Ваше име ќе го достави одговорот на тужба до судот.

**Користете го Законот за парнична постапка како основна алатка при составување на тужбата и одговор на тужбата, а доколку сте во можност консултирајте се или пак ангажирајте адвокат-полномошник за составување на истите.**

При составувањето на одговорот на тужба на самиот почеток на текстот задолжително повикајте се на бројот на предметот во кој сте тужен. Секој нареден поднесок кој ќе го доставувате до судот мора да го содржи бројот на предметот.

# ТЕК НА ПОСТАПАКТА



## ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ТУЖБА

Доколку се двоумите дали да започнете судска постапка, треба да знаете дека можете да ја повлечете тужбата која сте ја поднеле до судот, без согласност од тужениот. Доколку ја повлечете тужбата таа ќе се смета како да не била поднесена и истата можете повторно да ја поднесете.
Тужбата можете да ја повлечете и подоцна, сé до заклучувањето на главната расправа, ако тужениот се согласи со тоа. [1]

## ШТО Е ПОДГОТВИТЕЛНО РОЧИШТЕ ?

Подготвителното рочиште е подготовка за главната расправа. По приемот на одговорот на тужба или по протекот на рокот за поднесување на одговор на тужба, судот најдоцна во рок од осум дена ќе Ви закаже подготвително рочиште, а истото ќе го одржи најдоцна во рок од 50 дена сметано од денот на закажувањето. Тоа служи за решавање на прашања кои се однесуваат на пречките за натамошниот тек на постапката, доколку истите постојат. Во поканата што ќе Ви ја достави судот за подготвителното рочиште ќе Ви наложи да ги донесете сите документи што ќе Ви служат како доказ како и сите предмети што треба да се разгледаат во судот. Во оваа фаза како странка сте должни да го истакнете своето барање и да ги изнесете сите факти и докази врз кои ги засновате Вашите барања. Во овој дел од постапката доколку сте тужител треба да истакнете пред судот дека останувате на тужбеното барање и доказите кои се предложени со тужбата.

**На пример: Останувам на наводите изнесен во тужбата и тужбеното барање. Барам од судот да ги изведе предложените докази (оние на кои Вие се повикувате во тужбата), по што ќе го усвои тужбеното барање со кое...(се наведува што точно сте барале со истото ) и од кого тоа сте го побарале.**

## ВНИМАВАЈТЕ!

Без разлика дали сте тужител или тужен должни сте најдоцна на подготвителното рочиште да ги изнесете сите факти и докази врз кои ги засновате своите наводи, како и да ги доставите исправите и предметите кои имате намера да ги употребите како доказ во постапката.

[1] согласно член 183 од Законот за парнична постапка

**Постои исклучок од ова правило односно можете да изнесете нови факти и да предложите нови докази, како и да упатите поднесоци во кои ќе наведете нови факти и нови докази на првото или било кое наредно рочиште на главната расправа, само ако докажете на судот односно сторите веројатно дека без ваша вина не сте биле во можност да ги изнесете односно предложите претходно.**

## ВАЖНО !

**Во овој дел од постапката битно е да се напомене дека, доколку сте тужител (оној кој ја поднел тужбата), и сте уредно поканет, а не се појавите на подготвителното рочиште и претходно не го оправдате Вашето отсуство, тужбата ќе се смета за повлечена ако со тоа се согласи тужениот. Исклучок од ова правило е ситуацијата доколку имате ангажирано адвокат или полномошник, и истиот се јави во суд во Ваше име. Во тој случај судот смета дека има овластен застапник во име на тужителот и во ситуација на Ваше отсуство, истиот нема да донесе решение за повлекување на тужбата. Истото важи и за главната расправа и секое подоцнежно рочиште. Доколку сте тужен и сте уредно поканет, а не се појавите на подготвителното рочиште да го оспорите тужбеното барање, судот ќе расправа само со присутната странка.**

**Вашето отсуство односно неможност да присуствувате на закажаното рочиште секогаш оправдувајте го однапред со поткрепен доказ од кои причини не може да присуствувате, за истото да може да биде оправдано одложено од страна на судот (пример доколку сте спречени да присуствувате на рочиштето поради болест, доставете ја медицинската документација до судот).**

# КАКО ТЕЧЕ ГЛАВНАТА РАСПРАВА ?



Претседателот на советот, односно судијата поединец ја отвора главната расправа и го објавува предметот што ќе се суди. Потоа утврдува дали се присутни сите повикани лица, па доколку некој е отсутен, проверува дали се уредно повикани и дали го оправдале својот изостанок. Кога сите странки кои се повикани на главната расправа се присутни, судот носи решение за одржување на главната расправа.

Во текот на главната расправа се расправа за предлозите на странките и за фактичките наводи со кои странките ги образложуваат своите предлози, односно ги побиваат предлозите на противникот, како и за доказите понудени од нивна страна и се изведуваат доказите. Текот на изведувањето на доказите го определува советот, односно судијата поединец со решение, во кое се назначуваат околностите за кои треба да се изведе доказот и доказното средство. Во доказната постапка се изведуваат сите материјални и вербални докази предложени како од страна на тужителот, така и од страна на тужениот.

Доколку имате предложено сведоци кои треба да се сослушаат пред судот, тогаш имате право непосредно да им поставувате прашања на сведоците, вештаците и на странките. Доколку имате ангажирано адвокат или полномошник, тие во Ваше име непосредно го испитуваат сведокот.

Редоследот на испитување на сведоците е законски определено, а тоа значи дека странката, нејзиниот законски застапник или полномошник која го предложила сведокот, вештакот и сослушување на странки, прва поставува прашања, а потоа прашања поставува спротивната странка. Во текот на испитувањето на сведоците, судијата може да забрани поставување на одредено прашање или пак одговор на одредено прашање, ако во прашањето е веќе содржано како треба да се одговори на него или ако прашањето не се однесува на предметот.

**Доколку судијата го одбие прашањето да се постави или пак забрани давање на одговор на одредено прашање, имате право да барате прашањето кое било одбиено да биде внесено на записник.**

Кога странката, нејзиниот законски застапник или полномошник, ќе завршат со поставување на прашања, претседателот на советот може да поставува прашања на сведокот, вештакот или странката, а потоа членовите на советот можат непосредно да му поставуваат прашања.

**Сведоците се сослушуваат поединечно и без присуство на другите сведоци кои подоцна ќе се сослушуваат.**

## СОСЛУШУВАЊЕ НА СТРАНКИ



Кога во постапката не се предложени други докази или кога и покрај изведените други докази е потребно да се утврдуваат важни факти, на предлог на странките, судот може да определи доказ - сослушување на странки.

Сослушувањето на странки значи дека Вие или спротивната странка можете да биде сослушани пред судот, како сведоци во постапката. Тоа значи дека треба да ги изнесете сите факти за случајот кои Ви се познати.

Начинот на сослушување на странките се одвива по истиот редослед како и кога се сослушуваат сведоци пред судот. Тоа значи дека странката, нејзиниот законски застапник или полномошник која предложила доказ – сослушување на странки, прва поставува прашања, а потоа прашања поставува спротивната странка.

**Доказот со сослушување на странките се изведува без полагање заклетва.**

## ЗАВРШНИ ЗБОРОВИ

Кога ќе завршите со изведувањето на доказите, се даваат завршните зборови.  Со нив како странки во постапката ги резимирате сите клучни факти кои сте ги изнеле пред судот во текот на постапката. Важно е да се посветите внимание на оние факти, за кои сметате дека се одлучувачки за судот да донесе одлука во Ваша корист. Завршните зборови се истакнуваат усно, на главната расправа, а по барање на било која од странките тие можат да се доставaт и писмено само доколку има оправдани причини за тоа.



### СУГЕСТИЈА

**СЕКОГАШ ВО ЗАВРШНИТЕ ЗБОРОВИ ИСТАКНУВАЈТЕ КОИ ДОКАЗИ ГО ПОТКРЕПУВААТ ВАШЕТО ТУЖБЕНО БАРАЊЕ.**

Со давањето за завршните зборови се заклучува главната расправа и судот се повлекува на советување и гласање заради донесување одлука.

## ОБЈАВА НА ПРЕСУДА

Судот своите одлуки секогаш ги донесува во форма на пресуда или решение. Судот пресудата или решението ги донесува веднаш по завршување на главната расправа и ги објавува јавно во име на граѓаните на Република Северна Македонија.

Доколку се работи за посложен предмет судот може да го одложи донесувањето на пресудата за осум дена од денот на заклучувањето на главната расправа. Кога се објавува пресудата, судијата поединец односно претседателот на советот јавно ќе ја прочита изреката и накратко ќе соопшти за причините за донесување на пресудата.
Во писмено изработената пресуда која судот ќе Ви ја достави, истиот ќе ги има образложено сите факт поединечно, а врз основа на кои ја донел својата одлука!

Почетокот на секоја пресуда гласи:

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД во Битола како првостепен парничен суд преку судијата А.А. како претседател на советот и судиите поротници Б.Б. и В.В. како членови на советот, постапувајќи по тужбата на тужителот Г.Г. против тужениот Д.Д. , по основот надомест на штета, вредност од 100.000 денари, по одржаната усна, главна и јавна на ден 05.05.2020г., во присуство на тужителот Г.Г. и тужениот Д.Д., ја донесе и јавно ја објави следната:

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот Г.Г. СЕ УСВОЈУВА во целост/ ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА/ СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

**ВАЖНО !**

**Додека судот ја чита пресудата сите кои се присутни во судницата ќе го сослушаат нејзиното читање стоејќи.**

## ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Без разлика дали сте тужител или тужен во првостепена граѓанска постапка секогаш постои можност да не сте задоволни од исходот на истата.

## ШТО ПОНАТАМУ?

Доколку не сте задоволни од донесената пресуда имате право истата да ја оспорите пред второстепениот суд односно Апелациониот суд со поднесување на жалба или пак пред Врховниот суд со поднесување ревизија, како и да поднесете предлог за повторување на постапката.

# ВТОРОСТЕПЕНА ПОСТАПКА





Жалбата е редовен правен лек и се поднесува против пресуда донесена во прв степен.
Рокот во кој може да поднесете жалба е 15 дена од денот кога Ви е доставена пресудата, а кај споровите од мала вредност, работните односи и смеќавање на владение рокот за поднесување на жалба изнесува 8 дена. Навремено изјавена жалба спречува пресудата да стане правосилна во делот што се побива со жалбата.

**ПРИМЕР: По целата постапка и судскиот процес конечно ја добивате судската одлука од спорот во кој сте учесник и пресудата е во Ваша корист. Бидете трпеливи и причекајте го законскиот рок за жалба од спротивната страна. Можете лично да проверите на судските шалтери дали пресудата е доставена и до другата страна. Доколку истата е примена од спротивната страна, и е поминат рок од 15 дена, но нема поднесено жалба тоа значи дека вашата пресуда е правосилна и извршна, а спорот е добиен.**

Жалбата се поднесува до судот што ја изрекол првостепената пресуда во доволен број примероци за судот и за спротивната странка. Примерок од жалбата се доставува до спротивната страна која може да поднесе одговор на жалбата. Тоа значи дека и другата страна има право да се произнесе за сите наводи кои се истакнати во жалбата од страна на жалителот.

Жалба може да се поднесе поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право.

Второстепениот суд одлучува по поднесената жалба, по правило, без јавна расправа. Тоа значи дека присуството пред судот е незадолжително. Доколку второстепениот суд смета дека заради правилното утврдување на фактичката состојба е потребно да се повторат веќе изведените докази, во тој случај ќе закаже расправа на која можете да присуствувате.

По испитувањето на жалбата второстепениот суд може да одлучи на следниве начини:

- Да ја отфрли жалбата како нецелосна, ненавремена или недозволена;
- Да ја одбие жалбата како неоснована и да го потврди решението на првостепениот суд;
- Да ја уважи жалбата и решението да го преиначи или да го укине и по потреба предметот да го врати на првостепениот суд на повторно одлучување.

**Пример 2: Навремено поднесената жалба по првостепената пресуда ви е уважена. Судот ја укинува првостепената одлука и го враќа Вашиот предмет на повторно одлучување. Тоа значи дека постапката ќе Ви започне од почеток.**

**Пример 2.1: Навремено поднесувате жалба, но судот ја одбива вашата жалба како неоснована. Вашиот спор е изгубен и Вие сте задолжени да ги платите трошоците на првостепената и второстепената постапка.**

**ВАЖНО !**

*Внимавајте на рокот за поднесување на жалба. Доколку рокот за поднесување на жалба истече тогаш пресудата ќе стане правосилна и извршна што значи дека постапката е завршена.*

**На пример: Судот по службена должност Ви ја доставува одлуката во спорот во кој што сте учесник. Пресудата не е во Ваша корист. Доколку жалбата ја поднесете по истекот на предвидените 15 дена, судот ќе донесе решение со кое истата ќе Ви ја отфрли како ненавремена. После ова, немате повеќе правни лекови на располагање и првостепената пресуда која сте ја добиле станува правосилна, а со тоа и Вашиот спор е изгубен.**

## РЕВИЗИЈА И ПРЕДЛОГ ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

Ревизијата и предлогот за повторување на постапка се користат како вонредни правни лекови. Тоа значи дека во одредени случаи предвидени со Законот за парнична постапка можат да се поднесат против правосилна пресуда.

РЕВИЗИЈАТА СЕ ПОДНЕСУВА ДО ВРХОВНИОТ СУД НА Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, додека пак повторување на постапката секогаш се поднесува до првостепениот суд кој ја донел одлуката.
Ревизијата може да се поднесе во рок од 30 дена од денот на доставувањето на пресудата, ако вредноста на спорот надминува 1.000.000 ДЕНАРИ.



Меѓутоа, ревизијата не секогаш се поврзува исклучиво со вредноста на спорот. Имено, како исклучок од правилото за вредноста на спорот за поднесување на ревизија се споровите за издршка, во спорови за надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката, во спорови од работните односи по повод престанок на работен однос, во спорови за заштита на авторско право освен за паричните побарувања по тој основ, во спорови што се однесуваат на заштита и употреба на пронајдоци и технички унапредувања, мостри, модели и жигови и на правото на употреба на фирма или назив, како и во спорови од нелојален натпревар и монополистички однесувања освен за паричните побарувања по тие основи и во спорови во кои во постапка по жалба второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда.

Ревизијата по исклучок е дозволена ако второстепениот суд во изреката на пресудата што ја донел, тоа го дозволил.

Ревизијата може да се поднесе поради:
Суштествени повреди на одредбите од парничната постапка, ако првостепениот суд донел пресуда без главна расправа, а бил должен да одржи главна расправа ако е одлучено за барање за кое веќе тече парница или, ако спротивно на законот била исклучена јавноста на главната расправа, поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка што е сторено во постапката пред второстепениот суд и поради погрешна примена на материјалното право.

*Во ревизијата странката треба точно да ги наведе и образложи причините поради кои е изјавена.

*Ревизија се поднесува до судот што ја изрекол првостепената пресуда и истата мора да биде во доволен број примероци како за судот, така и за спротивната странка.

За ревизијата Врховниот суд одлучува без одржување на јавна расправа.

**ВАЖНО !**

*Поднесената ревизија не го задржува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена.*

ПРЕДЛОГ ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА се поднесува за правосилни одлуки, независно во кој степен настапила правосилноста. Предлогот за повторување на постапката се поднесува секогаш до судот што ја донел одлуката во прв степен, кој по правило и одлучува за предлогот, освен ако причините за повторување се однесуваат на постапката пред повисок суд.

Повторување на постапката може да се бара поради: суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, појава на кривични дела и на нови факти и докази, кои доколку му биле познати на судот, би можело да донесе поинаква одлука.

Повторувањето на постапката може да се бара во рок од 30 дена од денот на дознавањето на причината за повторување, а со одредени исклучоци најдоцна во рок од пет години од правосилноста на одлуката.

# ТРОШОЦИ ВО ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА



Тужителот и тужениот како учесници во постапката претходно сами си ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со своето дејствие.

Со самото донесување на пресудата, судот носи и решение за трошоците на постапката со кое ја задолжува странката која го изгубила спорот, да ги надомести на спротивната страна.

Трошоците кои се создадени во текот на постапката, се определуваат и набројуваат индивидуално за секое преземено дејствие, со тоа што судот определува и рок во кој истите треба да бидат надоместени. При одлучувањето кои трошоци ќе бидат предмет на надоместување, судот ги зема предвид само оние трошоци кои што биле нужно потребни за водење на парницата, а нивната висина грижливо ќе ја оцени земајќи ги предвид сите околности.

**ПРИМЕР: СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести на тужителот процесните трошоци во износ од 40.000,00 денари во рок од 8 дена од правосилноста на пресудата. Поголемото барање за трошоците односно разликата од досудениот износ од 40.000,00 денари, до бараниот износ од 60.000,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**Најчесто странката која во целост ќе ја изгуби парницата е должна на спротивната странка да и ги надомести трошоците. Но, постојат и одредени случаи каде што судот може да одлучи секоја странка да ги покрие своите трошоци во постапката или пак да биде усвоен само процентуален износ од висината на трошоците, а во зависност од успехот на тужбеното барање.**

# ПРАВНА ТЕРМИНОЛОГИЈА

**ОШТЕТЕН** – Лице чие лично или имотно право е повредено или загрозено со кривичното дело и кое учествува во постапката доколку се приклучи кон кривичното гонење или заради остварување на имотноправно барање.

**ТУЖИТЕЛ** – Лице за кое тужителот тврди дека го повредило или оспорило неговото право.

**ТУЖЕН** – Лице за кое тужителот тврди дека го повредило или оспорило неговото право.

**ТУЖБА** – Тужбата претставува иницијално парнично дејствие чија форма и содржина е определена со закон. Со неа едно барање се остварува по судски пат. Со тоа што тужбата е поднесена во судот, се отвара постапка, процес, парница, а со тоа, за судот, како државен орган, се создава должност, според пропишаниот законски ред на постапувањето, да ја испита основаноста на барањето содржано во тужбата и да донесе пресуда со која го усвојува или одбива тоа барање.

**ОДГОВОР НА ТУЖБА** – Одговор на барањата кои ги истакнала странката во тужбата.

**ПЕТИТУМ** – Определено тужбено барање во поглед на главната работа и на споредните барања, одлука која тужителот во своето тужбено барање смета дека треба да биде изречена и бара од судот да ја донесе.